# BÓLYA ANNA MÁRIA: ВЕЛИГДЕНСКИ ИГРИ ВО ПОРЕЧЕ – ВРСКИ СО ТВОРЕШТВОТО НА КОСОВО

Bólya Anna Mária, Magyar Táncművészeti Egyetem, egyetemi docens. Ohrid Macedón Folkegyüttes, alapító, vezető.

Absztrakt

A macedón folklór terület érdekes jelensége volt az 1970-es évekig fennmaradt, majd a gyermekjátékokban továbbélt hagyomány, a húsvéti drámai szokások, az úgynevezett gacskák eljátszása, Porecse régióban. A szokásokat elsősorban a Jankovics nővérek és Vera Klicskova regisztrálta, akiknek a terepmunkáiból részletes leírást kapunk. Ma a ezeknek a játékoknak egyes részeit megfigyelhetjük Makedonszki Brodban, felújított formában. Előző számunkban, a cikk első részében a húsvéti gacskák egy részét mutattuk be. Ebben a második részben további játékokat mutatunk be, kiegészítve a játékok gyűjtések alapján készült listáját. Ezután a szokások és a Dionüszosz-kultusz nyomainak kapcsolatát vizsgáljuk, mozgásos modellek elemzésének tükrében. Elkülönülten vizsgáljuk a szokássor keretét adó két rituális táncot. Végül leírjuk azt a szűkebb régiót, ahol terepmunka leírások alapján ilyen jellegű táncok és játékok megtalálhatóak voltak.

#macedonfolklor #husvetiszokasok #porecseregio #dionuszoszkultusz #macedontanchagyomany

Abstract

An interesting phenomenon of the Macedonian folklore area was the tradition that survived until the 1970s and then survived in children's games: the dramatic custom of Easter, the so-called gachki in Porech region. The customs were registered primarily by the Jankovich sisters and Vera Klichkova, whose fieldwork gives a detailed description about them. Today, some parts of these games can be observed in Makedonski Brod in a renewed form. In our previous issue, in the first part of the article, we introduced some of the Easter gachki. In this second section, we present additional plays, supplementing the list of plays based on collections. We then examine the relationship between habits and traces of the cult of Dionysus in light of the analysis of movement models. We examine separately the two ritual dances that form the framework of the play-serial. Finally, we describe the narrower region where such dances could be found based on fieldwork descriptions.

#macedonianfolklore #eastercustoms #porecheregion #cultofdionysos #macedoniandancetradition

II.

Во претходниот број го воведовме интересниот обичај, таканаречените „гачки“ од Порече, кои биле практикувани до 1970-тите години. Во вториот дел на статијата продолжуваме со воведувањето и анализата.

*Лази ми лази бубале*

Ова е единствената игра, која по форма личи на *Кален броj, мален броj*, но паровите се држат за рацете, а не за шамиите, и рацете се држат долу, формирајќи „пат“.[1] По патот се шета интересна фигура, која всушност е дете, и се вика сираче. Во минатото ова дете требало да биде вистинско сираче.

Детето се движи по „патот“, а жените пеат:

Лазај, лазај бубале,
Да долазиш до мене,
Ако паднеш не кажуј, не кажуј,
На мајке ти, на татка ти (мајке ти, мајке ти).
Ако паднам не жалам, не жалам,
Кад сум клето сираче, сираче,
За сираче кој плаче, кој плаче?

*Зет и невеста*

Оваа игра го прикажува начинот на посредувањето помеѓу фамилијата на ергенот и на девојката, и се играла во паралелна линиска форма.

*Ѓуро, Маро вележано*

Во оваа игра се појавува поранешната современа тема, печалбарството. Во играта девојките го тажаат Ѓуро кој умрел во печалбата. Формата на играта е круг со две девојки во центарот.

*Дељо, мори дељо*

Дељо е стар ерген, кој стои во центарот на кругот сочинет од девојките, и одвреме-навреме се обидува да ја грабне најубавата девојка. Тој е исмеан од девојките, бидејќи обично не може да грабне некоја од нив.

---

[1] Темата на оваа статија е дел од истражувачкиот проект за ритуалните ора поврзани со најголеми празници на годината.

*Бајрачето*

Овде главната улога ја има бајракот, што е врзан на стап, чиј врв е црвено избоен. Бајракот го држи една жена. Учесниците се наптреваруваат кој да го грабне бајракот. Две девојки од двата краја на линијата се натпеваруваат за да го грабнат стапот. Оваа игра може да има и само една линија, а пред неа стои жената со бајракот.

*Змија*

Во играта *Змија* или *Коноплика* една жена и една девојка, „мајка и ќерка“ обиколуваат околу колцето од девојки. Во центарот седи „змијата“. „Ќерката“, која оди напред, божем преде, плаче зашто е касната од змија. Мајката не верува, мисли дека ќерка и е мрзлива и продолжува да се движи нанапред. Откако дознава дека змијата навистина ја каснала ќерка и, таа ја „пронаоѓа“ змијата, и ја удира со стап.

*Јунци*

Како во другите игри, и во овој случај се појавува некое животно. Во центарот на кругот од девојки е „огништето“ кадешто домаќинката приготвува јадење за орачот.

Орачот обиколува околу колцето од девојки орајќи со два „јунци“. Орачот сака да јаде откако ќе изора, и се обраќа кон бабата:

Шетлика, метлика
Црвена боболка
Дрен бабо да јадам?

Жената му одговори:

Еве, ова е печиво,
Другово е бакрданик,
Ова е питулица,
Ова е кора на кора,
И два глувца здола.
Орачот се налутува и ја избркува, а потоа ја тепа бабата.

*Шутарчиња*

*Шутарчиња* е најраспространета игра на територијата на Македонија, како детска игра, под различни имиња. „Шутарчиња“се млади девојки, кои се редат во

круг. Зад нив стојат постари девојки, „домаќинки“. Строгата „сандаџија“ (не знаеме точно што значи ова име) прашува за шутарчето и за јадењето од „домаќинките“, дали добро го чувале. Ако не го чувале добро и јадењето загорело, таа ја брка девојката околу колцето, удирајќи ја со крпа.

*Маски*

И во оваа игра, пак, се јавуваат животни, но, во овој случај приказната е подолга и посложена од другите гачки. Линијата на „маските“ е формирана од девојки и жени, фатени за појас, но во играта учествуваат и ергени и мажи, кои ги чуваат маските. Во приказната има долго патување со маски, грабнување на маските како и други елементи. Оваа игра се чини поконтаминирана форма во која се интегрирани повеќе игри.

*Пилџи*

Оваа игра е сродна со играта *Маски*, но синџирот е составен од „пилци“, а ороводецот е „квачката“. Во играта е вклучено и грабнувањето на пилците.

*Благо месо*

Благото месо е вистинско „месо“ кое е во центарот на колцето, кругот состевен од девојките. Другите одвреме-навреме се обидуваат да го „скинат“ синџирот и да каснат од вкусното благо месо. За среќа има бранач кој не го дозволува тоа. Во играта учествуваат или само девојки и невести, или само мажи.

*Слепо коло*

Во круг формиран од поголем број девојки и девојчиња се пушта една девојка. Ѝ се врзуваат очите, при што таа треба да фати некое од девојчињата.

*Вили самовили*

Играта *Вили самовили* е последната игра која се изиграла во циклусот велигденски игри, но на некој начин го навестува периодот што следи, кој во народната религија се смета за посебен период, и трае до Духовден.

*Вили самовили* е ритуално оро и со него се „затвораат“ велигденските свечености. Орото го добило името по песна што се пее додека се игра:

Вили, самовили

Пуштете го Марка
Мене ме земете иии
Марко, мој стопане.
Ова оро има сосема различна форма од првото оро и од игрите. Еден многу важен елемент е бесконечноста, што се најавува преку напевот *Кален број, мален број*. Се формираат четири линии од по три девојки, од кои по две се движат постојано, една спроти друга, паралелно со канонско пеење. Линиските парови го почнуваат пеењето движејќи се едни спроти други.

По гачките населението одело на „покрсти“. Оваа литија оди „за вода“. Всушност ова е христијанизирана верзија на претхристијанскиот обичај „додоле“, ритуал за дожд.

**Карактеристики на обичајниот систем**

Во гачките можеме да набљудуваме посебни фигури и теми: сирачето, пародијата на свадба, травеститни улоги, фигури и звуци на животни, смртта, јадењето сурово месо, тепањето, избркувањето, измачувачката агресија, фаќањето или грабнувањето девојки, фалусниот симбол (стап со црвена боја) и ритуалното орање.

Одредени теми и фигури се појавуваат и во другите празнични обичаи со драмски елементи во годината, но има и специјалности, кои се појавуваат само во велигденските гачки. Помеѓу сличностите може да се спомне *Камилата*, која е тропизирањето на зимските обичаи. Таа содржи слични елементи: пародијата на свадба, травеститните улоги, фигури или звуци на животни, смртта, тепањето, измачувачката агресија, фалусниот симбол,упатувања на ритуалното орање, сцената смрт-оживување, еротскиот амбиент, еротските елементи и директната агресија.

Кои се карактеристиките само на велигденските *гачки*?

Прво треба да ја спомнеме сцената јадење сурово месо, а потоа фигурата на сирачето, како и гонењето, фаќањето или грабнувањето девојки и имитативната магија поврзана со растението. Овие се специфичните карактеристики на велигденските *гачки*.

Најкарактеристичниот елемент, што може да ја покаже поврзаноста со Дионисовиот култ е играта Благо месо. Знаеме за тоа дека дробењето (σπαραγμός) и јадењето сурово месо (ωμοφαγία) биле делови на жртвопренесувањето на Дионисовиот култ.

Според истражувачите овие обичаи се наследници на поранешниот култ на Дионис и Дионисовите празници. Тие истакнуваат дека овие обичаи очевидно се во сродство со десетте игри на Дионис, кои се поврзани со смртта и воскреснувањето на ова божество. Дионис прво се појавува како дете во колепка, а потоа е прогонет и убиен. Но неговата смрт е само неопходен услов на неговото пролетно воскреснување.

**Орски и играчки форми**

Ако ја разгледуваме формата на ората и игрите, гледаме дека претежно се појавува кружната форма, обично со некој лик во централниот простор, или со неколку учесници околу кругот.



Fig. 2 Формата на повеќе игри

Специфично е првото ритуално оро, со кое всушност се обиколува ритуалниот простор. Ова има отворена орска форма, што е нормалната форма на македонското оро. Но, во овој случај орото или движечката форма немаат главна улога, туку таа е пренесена во внатрешниот простор.

Можеме да набљудуваме и линиски форми, покрај *Кален броj, мален броj* игрите *Лазаj, лазаj бубале*, *Зет и невеста* и *Баjрачето* ја употребаат оваа форма:



Fig. 3 Формата на *Лазај лазај бубале*



Fig. 4 Формата на *Зет и невеста*



Fig. 5 Формата на *Бајрачето*

Самостојна е формата на *Вили, самовили*, кадешто се поставени четири линии паровите кои се движат спротивно меѓусебе. Движењето е постојано, и спротивните линии парови се движат заедно, ги разменуваат местата, а во канон, во втората фаза започнува вториот глас, односно втората линија пар.



Fig. 6 Формата на *Вили, самовили*, вториот глас е со розова боја

Ова, последново, обредно шетано оро е специфична ритуална форма, која не се појавува во другите области на македонскиот фолклор.

И двете обредни шетани ора, меѓу кои и *Кален број, мален број* – се жанр помеѓу орото и играта – бидејќи учесниците во нив се движат. А формите на игри, кругови и линии, се статични, обично само одредени посебни учесници се движат. Само во игрите *Маски* и *Пилци* гледаме линиска форма со движење.

Обредните ора се составни делови на празничниот обичаен систем во македонското фолклорно творештво. Овде тие заземаат посебно место: го обезбедуваат ритуалниот простор и времето за игрите, кои се поврзани со специфични поранешни култови.

**Географската распространетост на гачките**

За велигденските гачки податоци даваат и сестрите Јанковиќ. Од нив дознаваме дека слични игри, по повод празникот Велигден се играле и на другите места.

*Зазбирувањето* и свеченото оро за отворање се појавувале и во Кичево, и во Горње Неродимље, како „позив у игру“ со песната „Оте друге, да играмо, да играмо, да појемо“, а и во Пасјане со песната „Ој, горо, горо, зелена“.

*Змија*, *Маски* и *Пилци* се појавуваат и во околината на Кичево.

*Кален број, мален број* се појавува во Горње Неродимље како „Крош, крошњице, виш, вишњице".

*Вили, самовили*, и песни за растурањето на соборот е регистрирано во Пасјане и во Горње Неродимље, со песна: Веће слунце на заоду, ноћ веће ноћ! А девојке на походу, ноћ веће ноћ!

Орото како свечено затворање во Горње Неродимље е играно во слична форма како во Порече, со песната „Развијај се гором, цвет", а во Пасјане се танцува орото во кружна форма.

Даница Јанковиќ спомнува дека и стилот на *пеењето* е сличен со оној во Горње Неродимље, содржувајќи многу икање.

Причината на ваквата географска распространетост на велигденските *гачки* во пределите на Порече, Кичево, Горње Неродимље и Пасјане, може да биде печалбарската емиграција. Познато е печалбарското движење од Порече кон овие територии, како и иселениците на овие косовски месности кон околината на Кичево и Порече. Може би од тоа следат сличностите на некои топографски имања. (с. Звечан или с. Косово.)

Како заклучок можеме да потврдиме дека спомнатите велигденски игри постоеле карактеристично во специфична област, што го покрива делот на денешна Западна Македонија и делот на Јужно Косово.

Користена литература

Bartha Elek, Néphit, népi vallásosság, Voigt V. (Ур.), *A magyar folklór*, Budapest, Osiris Kiadó, 1998, 470–504.

Bólya Anna Mária, "Templomot rak szamovila" Régi rétegek a macedón kalendárium keresztény ünnepköri énekeiben és táncaiban, *Ethnographia*, 2012, 412–427.

Bólya Anna Mária, Dionüszosz öröksége – A balkáni maszkos szokások és az angol masque műfaj elődjének tekinthető mummer's play kapcsolatai, *Tánctudományi közlemények*, 2017, 5–20.

Bólya Anna Mária, *Macedón Folklór Adatbázis*, Budapest, 2013, http://www.macedon.hu

Bólya Anna Mária, *Tánc a macedón szakrális hagyományban – doktori értekezés*, Debrecen, Debreceni Egyetem, 2015.

Bólya Anna Mária, Ünnepi szokások a Macedón hagyományban, Bartha E., Forisek P., Csiszár I. (Ур.), *Ünnepek, ünnepkörök történelmi és néprajzi*

*vonatkozásai*, Konferenciakötet, (2012. 12. 14-15.) Debrecen, Debreceni Egyetem, 2013, 133–143.

Dawkins, Richard MacGillivray, The Modern Carnival in Thrace and the Cult of Dionysus, *The Journal of Hellenic Studies*, 1906, 191–206.

Falus Róbert, *Az antik világ irodalmai,* Budapest, Gondolat könyvkiadó, 1976.

Felföldi László, Rituális táncok a magyar néphagyományban, *Ethnographia,* 1987, 207–226.

Kapitánffy István & Tegyey Imre & Györkösy Alajos (Ур.), *Ógörög-magyar szótár,* Budapest, Akadémiai Kiadó, 1993.

Ratkó Lujza, *A nagyböjti játék- és tánchagyomány. A magyar nyelvterület nagyböjti játék- és táncanyagának értelmezése – Kandidátusi értekezés*, Budapest, Magyar Tudományos Akadémia, 1997.

Ratkó Lujza, A tavaszi falujáró-kapuzó játékok, Cabello, J.-C. Tóth N. (Ур.), *Erősségénél fogva várépítésre való. Tanulmányok a 70 éves Németh Péter tiszteletére*, Nyíregyháza, Jósa András Múzeum, 2011, 483–488.

Ratkó Lujza, Női szerepek a magyar néptánchagyományban, Keszeg V., Viga Gy. (Ур.) *Néprajzi Látóhatár*, 2001, 263–277.

Ridgeway, William, *The Origin of The Tragedy*, Cambridge, Cambridge University Press, 1910.

Sachs, Curt, *World History of the Dance*, New York, W. W. Norton & Company, 1963.

Szemes Péter, Rítus és tragédia, *Pro Philosophia Füzetek*, 2002, 83–104.

Ujváry Zoltán, *Az agrárkultusz kutatása a magyar és az európai folklórban*, Debrecen, Kossuth Lajos Tudományegyetem, 1969.

Ujváry Zoltán, *Népi színjátékok és maszkos szokások*, Debrecen, Debrecen University Press, 1997.

Vargyas Lajos, Mimos-elemek a magyar betlehemes játékban, *Antiquitas Hungarica*, 1947, 177–184.

Арнаудов, Михаил, *Студии върху българските обреди и легенди* (Том 2 Кукери и русалии), София, Българска академия на науките, 1972.

Бoља, Ана Марија, Патувањето на Дионис – Траги на Дионисовиот култ во игри со драмски елементи од македонскиот и од унгарскиот фолклор, *Арс академика*, 2014, 90–101.

Величковски, Боне, *Македонски еротски народни песни*, Скопје, Маска, 2012.

Ѓурчески, Марјан, Македонскиот непокор отсликан преку Велигденските кули во Македонски Брод, *Македонска Ризница*, 2013, 64–69.

Иљоски, Васил, *Варијанти со свадбени мотиви во фолклорниот комплекс обред, песна, игра и драма,* Скопје, Македонска академија на науките и уметностите, 1970.

Јанковић, Љубица & Јанковић Даница, *Прилог проучавању остатака орских обредних игара у Југославију,* Београд, Српска Акедмија Наука, 1957.

Јанковић, Даница, Драмски елементи у нашим народним орским играма и народна игра као драмски елеменат народних обичаја, *Гласник Етнографског музеја у* Београду, 1940, 75–94.

Јанковић, Даница, Народне игре у Кичеву и околини, *Гласник Етнографског музеја у Београду,* 1940, 95–112.

Јанковић, Даница, Празничне народне игре у Поречу у Јужној Србии, *Гласник Етнографског музеја*, 1938, 24–29.

Јанковић, Љубица & Јанковић, Даница, *Народне игре*, Београд, Грегоровић, 1937.

Јовановић, Петар, Порече, Ј. Цвијић (Ур.), *Насеља и порекло становништва* (Српски етнографски зборник Том 28), Београд, Штампарија "Млада Србија", 1935, 243–335.

Карaџоски, Владимир, *Велигденски кули*, Скопје, Ракопис, 2014.

Кличкова, Вера, Велигденски обичаи во Порече, *Гласник на Музејско-конзерваторско друштво на Македонија*, 1957, 151–212.

Мирчевска, Мирјана, *Прашање за потеклото на Поречаните – прилог кон етничкиот идентитет*, 2004 Преземено 03 14, 2017 од УКИМ ИЕА: www.iea.pmf.ukim.edu.mk/.../Mirchevska_Poreche_Etnicki_Identitet.pdf

Младеновић, Оливера, *Коло у Јужних Словена*, Београд, Српска академија наука и уметности, 1973.

Петровска-Кузманова, Катерина, Велигденски игри - етнотеатролошки осврт, *Спектар*, 2012, 111–118.

Петровска-Кузманова, Катерина, Велигденските игри од Порече во фолклористичките истражувања, Луческа, Е. & Димоски, З. (Ур.), *105 години од раѓањето на Јозеф Обрембски,* Прилеп – Познањ, Институт за старословенска култура – Институт за словенска филологија УАМ, 2013, 137–144.

Плевнеш, Јордан, *Бесовскиот Дионис*, Скопје, Електронска библиотека на културата и традицијата на Македонија, 1989.

Ристески, Љупчо, С., Посмртно оро во традицијата на балканските Словени, *Studia Mythologica Slavica*, 4, Ljubljana, Piza, 2000.

Ристески, Љупчо С., *Категории простор и време во народната култура на Македонците*, Скопје, Матица македонска, 2005.

Ристески, Љупчо С., Христијанството и народната култура во Македонија – Културно-историски аспекти, (Светиева, А. Ур.) *Етнолог*, 2009, 113–141.

Ристески, Милан, *Порече низ историјата*, Скопје, Студентски збор, 1982.

Светиева, Анета, Еротските елементи во обредите со маски кај Македонците, Боцев, В. (Ур.), *Обичаи со маски* Скопје, Музеј на Македонија